Здружение за граѓани
Центар за граѓански комуникации
ЦГК
Бр. 0302 - 33411
28.03 2022 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
КРИВА ПАЛАНКА

| Примено: | 29.03.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Оргединица | Број | Прилог | Вредност |
| 18 | 1070/1 | | |

**<u>До: Општина Крива Паланка</u>**

# БАРАЊЕ

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 101/19), од имателот ги бараме следните информации од јавен карактер:

1. **Дали во периодот од 01.01.2021 до 31.03.2022 година сте користеле услуги на надворешни физички и/или правни лица за спроведување на постапките за јавни набавки?**
2. **Како е извршен изборот на ангажираните физички и/или правни лица?**
3. **Какви услуги сте користеле од ангажираните физички и/или правни лица во периодот од 01.01.2021 до 31.03.2022 година?**
4. **Како е одредено плаќањето за ангажираните физички и/или правни лица (еднократен годишен износ, месечен паушален износ, по извршена услуга итн.)? Колку изнесува тој износ?**
5. **Дали ангажираните физички и/или правни лица потпишуваа изјави за непостоење на судир на интереси во постапките за јавни набавки во чие спроведување учествувале? Доколку да, доставете ни ги потпишаните изјави за бараниот период.**
6. **Дали ангажираните физички и/или правни лица потпишуваа изјава за доверливост на информациите до кои доаѓаат во постапките за јавни набавки во чие спроведување учествувале? Доколку да, доставете ни ги потпишаните изјави за бараниот период.**
7. **Бројот на вработени во вашата институција кои работат во организационата единица задолжена за јавни набавки?**
8. **Колку вработени во вашата институција во 2021/22 година имале важечка потврда за положен испит за лице за јавни набавки?**

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго--------------------------------------------------------------------------------

# ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 18-1070/6
26.04. 2022
КРИВА ПАЛАНКА

ДО
Општина Крива Паланка
Службено лице за посредување на информации
- Лидија Митовска -

Предмет :Одговор на барање за достава на податоци бр.18-1070/2 од 29.03.2022 год.

Почитувани !

По основ на прашањата од листата(точка 1-точка 6) , Општина Крива Паланка нема користено услуги на надворешни физички /правни лица за спроведување на постапки за јавни набавки.

Во однос на точка 7 , Општина Крива Паланка има едно лице за јавни набвки кое работи со систематизирано работно место во Одделение за општи и правни работи.

Во однос на точка 8 , Општина Крива Паланка во 2021/2022 година има три вработени кои имат важечка потврда за положен изпит за лице за јавни набавки.

Општина Крива Паланка
Раководител на Одделение за општи и правни работи
Даниела Велковска с.р

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА